Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

MKD SERTIFIKAT
MKS EN ISO 9001:2015

Согласно член 51 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за дополнување на решението за давање согласност за определување на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 33- 1572/2
30.01. 2019 година
Ул. Аминта трети бр. 2
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта:info@mzsv.gov.mk
Сајт:www.mzsv.gov.mk

1. Се дополнува Решението за давање согласност за определување на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов за 2019 година број 14–12690/2 од 17.12.2018 година со давање согласност за определување на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов за 2019 година за следните рекреативни зони:

| | *РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ* | |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | ***вештачко езеро - акумулација Паљурци – концесионер – ЗСР Костреш – Богданци*** | |
| | - Годишна риболовна дозвола | 1.500,00 денари |
| | - Петнаесет дневна дозвола | 800,00 денари |
| | - Седумдневна дозвола | 600,00 денари |
| | - Дневна дозвола | 200,00 денари |
| 2. | ***вештачко езеро – акумулација Глобочица – концесионер – Крап 2015 дооел - Охрид*** | |
| | - Годишна риболовна дозвола | 2.400,00 денари |
| | - Петнаесет дневна дозвола | 1.200,00 денари |
| | - Седумдневна дозвола | 700,00 денари |
| | - Дневна дозвола | 200,00 денари |
| 3. | ***вештачко езеро – акумулација Мантово – концесионер – ДПТУ Риба и риболовци - дооел – Нов Дојран*** | |
| | - Годишна риболовна дозвола | 3.000,00 денари |
| | - Петнаесет дневна дозвола | 1.500,00 денари |
| | - Седумдневна дозвола | 1.000,00 денари |
| | - Дневна дозвола | 250,00 денари |
| 4. | ***вештачко езеро – акумулација Козјак – концесионер – ЈПУЗПП Јасен Скопје*** | |
| | - Годишна риболовна дозвола | 4.000,00 денари |
| | - Петнаесет дневна дозвола | 800,00 денари |
| | - Седумдневна дозвола | 600,00 денари |
| | - Дневна дозвола | 300,00 денари |
| 5. | ***вештачко езеро – акумулација Мавровица – концесионер – КД Електроника – Св. Николе*** | |
| | - Годишна риболовна дозвола | 1.700,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | - Петнаесет дневна дозвола | 800,00 денари |
| | - Седумдневна дозвола | 500,00 денари |
| | - Дневна дозвола | 250,00 денари |
| 6. | ***вештачко езеро – акумулација Стрежево – концесионер – ЈП Стрежево – Битола*** | |
| | - Годишна риболовна дозвола | 1.000,00 денари |
| | - Петнаесет дневна дозвола | 500,00 денари |
| | - Седумдневна дозвола | 300,00 денари |
| | - Дневна дозвола | 150,00 денари |

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе Решение за давање согласност за определување на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов за 2019 година број 14–12690/2 од 17.12.2018 година врз основа на определениот надомест од концесионерите на одделните риболовни води доставен преку Македонската риболовна федерација.

После донесување на наведеното решение, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Македонската риболовна федерација дополнително беше доставен предлог за висината на надоместокот на дозволите за рекреативен риболов од концесинерите ЗСР "Костреш" – Богданци, Крап 2015 дооел - Охрид, ДПТУ Риба и риболовци - дооел – Нов Дојран, ЈПУЗПП Јасен - Скопје, КД Електроника – Св. Николе со допис број 03-05 од 24.01.2019 година и предлог за висината на надоместокот на дозволите за рекреативен риболов од ЈП Стрежево со допис број 03-62/1 од 29.01.2019 година.

Со ова решение, дополнително се дава согласност на согласност за определување на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов за 2019 година на горенаведените субјекти

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Скопје

| Примено: | 11.02.2019г. | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 12 | 2 | 1 |

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар Синани